Врз основа на член 2 став 4 алинеја 2, член 47 став 2, член 48 и член 49 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост (Службен весник на РМ бр.78/2015, 106/2015, 153/2015, 190/2016, 21/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21), Одлука за отуѓување на моторни возила донесена од Советот на општина Струмица заведена под Бр.08-1185/1 од 24.02.2021 година, објавена во Службен Гласник на Општина Струмица бр.2/21 и Одлука за дополнување на Одлука за отуѓување на моторни возила донесена од Советот на општина Струмица заведена под Бр.08-7218/1 од 15.11.2021 година објавена во Службен Гласник на Општина Струмица бр.23/21, Комисијата за недвижни и движни ствари на Општина Струмица објавува

# ОБЈАВА бр.3/21

**За електронско јавно наддавање**
**За продажба на движни ствари**
**(Прва објава)**

## 1. ПРЕДМЕТ НА ЕЛЕКТРОНСКО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

1. Предмет на електронско јавно наддавање е продажба на патнички моторни возила сопственост на Општина Струмица , кои се продаваат согласно горенавдените Одлуки на Советот на општина Струмица.

## 2. ПОДАТОЦИ ЗА ПАТНИЧКИТЕ МОТОРНИ ВОЗИЛА КОИ СЕ ПРЕДМЕТ НА ПРОДАЖБА

### ВОЗИЛО БРОЈ 1.

| Вид на возило | Патничко возило | Банкарска гаранција 2% од проценета вредност | Почеток час |
|---|---|---|---|
| Марка | FAP 6 GGF | **927,00 денари** | **11.00 часот** |
| Година на производство | 1966 | | |
| Идентификационен број на возилото | 017480 | | |
| Регистарски број | SR 829 AH | | |
| Категорија на возилото | N3 – товарно | | |
| Облик и намена на каросеријата | BA/SG- кесон / возило за специјална намена / противпожарно | | |
| Тип/Број на мотор | 28853 | | |
| Силина на мотор (kw) | 95 | | |
| Вид на гориво | Дизел | | |
| Маса на возилото | 7700 | | |
| Боја на возилото | Црвена/75 | | |
| Датум на последната регистрација | 08.06.2018 | | |
| Старост на возилото до датум на проценка 01.02.2021 | 53 година и 7 месеци | | |
| Податоци за сопственик според сообраќајна дозвола | Општина Струмица ул„Сандо Масев„ бр.1 Струмица | | |

**Почетна цена на патничкото моторно возило изнесува 46.336,00 денари.**
**Возилото е корозирано, оштетено, неисправно без мотор и менувач.**

## ВОЗИЛО БРОЈ 2.

| Вид на возило | Патничко возило | **Банкарска гаранција 2% од проценета вредност** | **Почеток час** |
|---|---|---|---|
| Марка | GMC M-35 | **1.007,00 денари** | **11.30 часот** |
| Година на производство | 1975 година | | |
| Идентификационен број на возилото | 012523820 | | |
| Регистарски број | SR 1671 AD | | |
| Категорија на возилото | N2 – товарно | | |
| Облик и намена на каросеријата | KESON | | |
| Тип/Број на мотор | 3871317 | | |
| Силина на мотор (kw) | 100 | | |
| Вид на гориво | дизел | | |
| Зафатнина на моторот (cm) | 3500 | | |
| Маса на возилото | 5909 | | |
| Боја на возилото | бела /01 | | |
| Датум на последната регистрација | 29.11.2018 | | |
| Старост на возилото до датум на проценка 21.03.2018 | 44 години и 7 месеци | | |
| Податоци за сопственик според сообраќајна дозвола | Општина Струмица ул,,Сандо Масев,, бр.1 Струмица | | |

**Почетна цена на патничкото моторно возило изнесува 50.362,00 денари.**
**Возилото е корозирано, оштетено, неисправно.**

## ВОЗИЛО 3.

| Вид на возило | Патничко возило | **Банкарска гаранција 2% од проценета вредност** | **Почеток час** |
|---|---|---|---|
| Марка | LADA | **208,00 денари** | **12.00 часот** |
| Тип, изведба | NIVA 1600 | | |
| Година на производство | 1989 | | |
| Идентификационен број на возило | XTA212100K0692180 | | |
| Регистарски број | SR-527-AG | | |
| Категорија на возилото | Патничко | | |
| Облик и намена на каросеријата | Лимузина | | |
| Тип/Број на мотор | 0547492 | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Силина на мотор (kw) | 56 | | |
| Вид на гориво | Бензин | | |
| Зафатнина на моторот (cm) | 1570 | | |
| Маса на возилото | 1150 | | |
| Боја на возилото | Црвена 74 | | |
| Датум на последната регистрација | 08.06.2017 година | | |
| Старост на возилото до датум на проценка | 30 години и 7 месеци | | |
| Податоци за сопственик според сообраќајна дозвола | Општина Струмица ул,,Сандо Масев,, бр.1 Струмица | | |

**Почетна цена на патничкото моторно возило изнесува 10.414,00 денари.**
**Возилото е корозирано, оштетено, неисправно.**

## ВОЗИЛО БРОЈ 4.

| Вид на возило | Патничко возило | **Банкарска гаранција 2% од проценета вредност** | **Почеток час** |
|---|---|---|---|
| Марка | GMC M-35 | **1.007,00 денари** | **12.30 часот** |
| Тип, изведба | | | |
| Година на производство | 1975 година | | |
| Идентификационен број на возилото | 12534922 | | |
| Регистарски број | SK-263-TL | | |
| Категорија на возилото | ТОВАРНО | | |
| Облик и намена на каросеријата | KESON | | |
| Тип/Број на мотор | 3485 | | |
| Силина на мотор (kw) | 100 | | |
| Вид на гориво | дизел | | |
| Зафатнина на моторот (cm) | 3500 | | |
| Маса на возилото | 5909 | | |
| Боја на возилото | Црвена/74 | | |
| Датум на последната регистрација | 01.07.2017 година | | |
| Старост на возилото до датум на проценка 21.03.2018 | 44 години и 7 месеци | | |

**Почетна цена на патничкото моторно возило изнесува 50.362,00 денари.**
**Возилото е корозирано, оштетено, неисправно.**

## ВОЗИЛО БРОЈ 5.

| Вид на возило | Патничко возило | **Банкарска гаранција 2% од проценета вредност** | **Почеток час** |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| Марка | CHEVROLET BLAZER | **474,00 денари** | **13.00 часот** |
| Тип, изведба | | | |
| Година на производство | 1985 година | | |
| Идентификационен број на возилото | 1GCGD34J8FF425589 | | |
| Регистарски број | SK-1497-AK | | |
| Категорија на возилото | ТОВАРНО | | |
| Облик и намена на каросеријата | KESON | | |
| Тип/Број на мотор | 610 | | |
| Силина на мотор (kw) | 101 | | |
| Вид на гориво | дизел | | |
| Зафатнина на моторот (cm) | 6200 | | |
| Маса на возилото | 2680 | | |
| Боја на возилото | БЕЛА/01 | | |
| Датум на последната регистрација | 25.05.2017 година | | |
| Старост на возилото до датум на проценка 21.03.2018 | 34 години и 7 месеци | | |

**Почетна цена на патничкото моторно возило изнесува 23.716,00 денари.**
**Возилото е корозирано, оштетено, неисправно.**

## ВОЗИЛО БРОЈ 6.

| Вид на возило | Патничко возило | **Банкарска гаранција 2% од проценета вредност** | **Почеток час** |
|---|---|---|---|
| Марка | PEUGEOT XRD | **307,00 денари** | **13.30 часот** |
| Тип, изведба | 306 | | |
| Година на производство | 2001 година | | |
| Идентификационен број на возилото | VF37BWJZT33082789 | | |
| Регистарски број | SR-550-BE | | |
| Категорија на возилото | M1 - ПАТНИЧКО | | |
| Облик и намена на каросеријата | AA-LIMUZINA | | |
| Тип/Број на мотор | 10DXBZ6029746 | | |
| Силина на мотор (kw) | 51 | | |
| Вид на гориво | дизел | | |
| Зафатнина на моторот (cm) | 1868 | | |
| Маса на возилото | 1110 | | |
| Боја на возилото | ЦРНА/20 | | |
| Датум на прва регистрација | 09.03.2001 година | | |
| Старост на возилото до | 20 години и 4 месеци | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| датум на проценка 21.03.2018 | | | |

**Почетна цена на патничкото моторно возило изнесува 15.390,00 денари.**
**Возилото е корозирано, оштетено, неисправно.**

## ВОЗИЛО БРОЈ 7.

| Вид на возило | Патничко возило | **Банкарска гаранција 2% од проценета вредност** | **Почеток час** |
|---|---|---|---|
| Марка | FIAT TNG | **1.965,00 денари** | **14.00 часот** |
| Тип, изведба | LINEA | | |
| Година на производство | 2011 година | | |
| Идентификационен број на возилото | ZFA32300003122825 | | |
| Регистарски број | SR-699-CD | | |
| Категорија на возилото | M1-ПАТНИЧКО | | |
| Облик и намена на каросеријата | AA-ЛИМУЗИНА | | |
| Тип/Број на мотор | 6147197 | | |
| Силина на мотор (kw) | 57 | | |
| Вид на гориво | БЕНЗИН/ГАС | | |
| Зафатнина на моторот (cm) | 1368 | | |
| Маса на возилото | 1335 | | |
| Боја на возилото | БЕЛА/01 | | |
| Датум на прва регистрација | 17.02.2012 година | | |
| Старост на возилото до датум на проценка 21.03.2018 | 10 години и 4 месеци | | |

**Почетна цена на патничкото моторно возило изнесува 98.284,00 денари.**
**Возилото е корозирано, оштетено, неисправно.**

## ВОЗИЛО БРОЈ 8.

| Вид на возило | Патничко возило | **Банкарска гаранција 2% од проценета вредност** | **Почеток час** |
|---|---|---|---|
| Марка | MAZDA 6 | **2.357,00 денари** | **14.30 часот** |
| Тип, изведба | 1.8 I CE | | |
| Година на производство | 2003 година | | |
| Идентификационен број на возилото | JMZGG128241209956 | | |
| Регистарски број | SR-844-BN | | |
| Категорија на возилото | M1-ПАТНИЧКО | | |
| Облик и намена на каросеријата | AA-ЛИМУЗИНА | | |
| Тип/Број на мотор | 239530 | | |
| Силина на мотор (kw) | 88 | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на гориво | БЕНЗИН | | |
| Зафатнина на моторот (cm) | 1798 | | |
| Маса на возилото | 1432 | | |
| Боја на возилото | СИВА МЕТАЛИК/16 | | |
| Датум на прва регистрација | 25.12.2003 година | | |
| Старост на возилото до датум на проценка 21.03.2018 | 18 години и 4 месеци | | |

**Почетна цена на патничкото моторно возило изнесува 117.850,00 денари.**
**Возилото е во добра состојба, со гребнатини и корозија, чувано и одржувано.**

## ВОЗИЛО БРОЈ 9.

| Вид на возило | Патничко возило | **Банкарска гаранција 2% од проценета вредност** | **Почеток час** |
|---|---|---|---|
| Марка | FIAT 1.9 TD | **547,00 денари** | **15.00 часот** |
| Тип, изведба | SCUDO | | |
| Година на производство | 1997 година | | |
| Идентификационен број на возилото | ZFA22000012290434 | | |
| Регистарски број | SR-448-CC | | |
| Категорија на возилото | N1-ТОВАРНО | | |
| Облик и намена на каросеријата | BB-FURGON | | |
| Тип/Број на мотор | 10WD57413461 | | |
| Силина на мотор (kw) | 66 | | |
| Вид на гориво | дизел | | |
| Зафатнина на моторот (cm) | 1905 | | |
| Маса на возилото | 1550 | | |
| Боја на возилото | БЕЛА/01 | | |
| Датум на прва регистрација | 11.05.2011 година | | |
| Старост на возилото до датум на проценка 21.03.2018 | 24 години и 4 месеци | | |

**Почетна цена на патничкото моторно возило изнесува 27.366,00 денари.**
**Возилото е во лоша состојба со грабнатина и корозија на каросеријата, ентериерот е во лоша состојба.**

## ВОЗИЛО БРОЈ 10.

| Вид на возило | Патничко возило | **Банкарска гаранција 2% од проценета вредност** | **Почеток час** |
|---|---|---|---|
| Марка | SKODA | **18.172,00 денари** | **15.30 часот** |
| Тип, изведба | SUPERB | | |
| Година на производство | 2016 година | | |
| Идентификационен број на возилото | TMBAH7NPXG705989 3 | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Регистарски број | SR-0901-AE | | |
| Категорија на возилото | М1-ПАТНИЧКО | | |
| Облик и намена на каросеријата | АА-ЛИМУЗИНА | | |
| Тип/Број на мотор | 320374 | | |
| Силина на мотор (kw) | 110 | | |
| Вид на гориво | дизел | | |
| Зафатнина на моторот (cm) | 1968 | | |
| Маса на возилото | 1582 | | |
| Боја на возилото | МЕТ.СРЕБРЕНА/7F | | |
| Датум на прва регистрација | 04.04.2016 година | | |
| Старост на возилото до датум на проценка 21.03.2018 | 5 години и 4 месеци | | |

**Почетна цена на патничкото моторно возило изнесува 908.620,00 денари.**
**Возилото е во одлична состојба без гребнатини и корозија на каросеријата. Одлично чувано и одржувано возило.**

**2. ПРАВО НА УЧЕСТВО**

Право на учество на јавното наддавање имаат сите заинтересирани домашни и странски, физички и правни лица кои можат да се стекнат со право на сопственост на движните ствари на територијата на РСМ, согласно со закон и кои ги исполнуваат условите дадени во објавата.

**3. УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО НА ЕЛЕКТРОНСКОТО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ**

Заинтересираните физички и правни лица поднесуваат пријава за учество на јавното наддавање, комплетирана со следниве докази:

1. Доказ за идентитет (полн назив, точна адреса, кои документи се приложуваат кон пријавата, телефон),
2. За правните лица – Доказ за регистрација на правното лице од Централниот регистар на Република Северна Македонија,
3. Уредно полномошно за полномошникот кој го претставува правното лице,
4. За физичките лица – Лична карта или патна исправа,
5. Е-маил адреса на поднесувачот на пријавата, преку која што ќе се врши постапката за регистрирање за учество во електронското јавно наддавање на која што ќе им биде испратено корисничко име и шифра за пристап на интернет страницата на која ќе се одвива електронското јавно наддавање,
6. Изјава со која што ги прифаќаат условите што се дадени во објавата,
7. Банкарска гаранција за сериозност во висина од 2% од проценетата вредност на движната ствар за учество на јавното наддавање. Покрај електронски банкарската гаранција за сериозност треба во оригинал во писмена форма да се достави и до Комисијата за недвижни и движни ствари при Општина Струмица на денот кога се доставува комплетната документација.

**4. ПОЧЕТНА ЦЕНА**

Почетната цена на движната ствар е проценетата вредност на истата наведена под табеларниот приказ за секое патничко моторно возило.

Цената за продажба на движните ствари е утврдена согласно Извештајот за процена на транспортни средства на Друштвото за проценка МС СТОП ИНЖЕНЕРИНГ Миле Ацо Стојменов ТП Струмица со ЕМБС 7214561.

**5. БАНКАРСКА ГАРАНЦИЈА**

Банкарската гаранција за сериозност на понудата за учество на електронското јавно наддавање за

движните ствари предмет на продажба изнесува 2% од проценетата вредност на движната ствар и износот е утврден во табеларниот преглед даден во оваа објава.

Банкарската гаранција за сериозност на понудата му се враќа на подносителот на пријавата во рок од 15 дена од денот на одржувањето на јавното наддавање, а банкарската гаранција на најповолниот понудувач му се враќа во рок од 15 дена од денот на уплатата на вкупната сума постигната на јавното наддавање.

Пријавите за учество на јавното наддавање се доставуваат најдоцна ***до 20.12.2021 год. (понеделник). Објавата трае дванаесет (12) дена почнувајќи од 09.12.2021 год.(четврток) до 20.12.2021 год. (понеделник).*** Документите се прикачуваат електронски на софтверот. Подносителите на пријави кои доставиле комплетни пријави за учество на јавното наддавање согласно со објавата, на денот на спроведување на јавното наддавање се регистрираат со корисничкото име и шифра за учество на јавното наддавање, по што имаат право на учество на јавното наддавање. Подносителите на пријавите кои што нема да бидат комплетирани со овие докази нема да учествуваат во наддавањето за што ќе бидат известени по електронски пат. Јавното електронско наддавање ќе се одржи на интернет страницата www.e-stvari.mk. Јавното електронско наддавање ќе се одржи на ден ***22.12.2021 год. (среда)***.

## 6. ПОСТАПКА

Постапката за електронското јавно наддавање ја спроведува Комисијата за недвижни и движни ствари формирана од Градоначалникот на Општина Струмица.

**Пријавата за учество на јавното наддавање се поднесува електронски и треба да ги содржи сите податоци и докази кои се утврдени во објавата за електронско јавно наддавање.**
**Јавното наддавање ќе се одржи електронски на следната интернет страница: www.e-stvari.mk.**

Комисијата ги известува подносителите на пријавите за комплетноста на истите по електронски пат во рок од три дена од денот на поднесувањето на пријавата и на подносителите кои имаат комплетна документација им доставува корисничко име и шифра за учество на електронското јавно наддавање, додека на подносителите кои не доставиле комплетна документација им доставува известување дека истите нема да учествуваат на електронското јавно надавање.

На денот на одржувањето на електронското јавно наддавање учесниците пристапуваат на интернет страницата со корисничкото име и шифрата која ја добиле од Комисијата.

Електронското јавно наддавање започнува со објавување на вкупната почетна цена, а се спроведува по пат на наддавање од страна на учесниците.

Доколку во првите пет минути не е прифатена понудата, односно не е дадена повисока понуда од учесникот на јавното наддавање, вредноста на движната ствар се намалува за 2% по што учесниците повторно имаат можност да ја прифатат, односно да ја зголемат цената без притоа да се ограничува минималниот чекор на зголемување.

Доколку во истекот на последните 2 минути од вторите 5 минути од страна на учесниците е дадена понуда, крајниот рок за завршување на јавното наддавање се продолжува за уште 2 минути и тоа неограничено се додека во временскиот интервал од 2 минути има нова понуда, а ќе заврши кога за период од следните 2 минути нема нова дадена понуда. Доколку во времетрање од пет минути повторно нема понуда, вредноста на движната ствар повторно се намалува за 2% од првичната проценета вредност.

**Намалувањето на вредноста на движните ствари во текот на наддавањето доколку станува збор за објава по прв пат може да биде најмногу до 30% од проценетата вредност без разлика колку понудувачи се јавиле на јавното наддавање.**

Намалувањето на вредноста на движните ствари во текот на наддавањето, доколку станува збор за објава по втор пат може да биде најмногу до 30%, доколку на јавното наддавање се пријавил само еден заинтересиран учесник, а доколку се пријавиле двајца или повеќе учсници, намалувањето на вредноста може да биде до најмногу 50% од проценетата вредност.

Учесникот кој на јавното наддавање понудил највисока цена, се стекнува со статус на најповолен понудувач.

По завршувањето на јавното наддавање Комисијата изготвува записник за спроведеното јавно наддавање кој се доставува до сите учесници на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач во рок од 15 дена од денот на приемот на писменото известување за избор е должен да ги уплати средствата на сметката:

**Назив и седиште на примачот: Општина Струмица**
**Банка на примачот НБРМ,**
**Трансакциона сметка: 100000000063095**
**Сметка на корисник: 766014078963011, приходна шифра 725939 програма 00,**

во согласност со постигнатата крајна цена на продажбата, а доколку не ги уплати во овој рок, нема да се пристапи кон склучување на договор, банкарската гаранција ќе биде активирана, а понудувачот во период од 1 година нема да може да учествува на секое идно електронско јавно наддавање за предметните ствари.

Со најповолниот понудувач во рок од 15 работни денови по извршената уплата се склучува договор, во писмена форма кој во рок од 30 дена се доставува кај нотар заради вршење на пренос на сопственоста, при што нотарските трошоци се обврска на купувачот.

Учесниците имаат право на приговор само по однос на постапката на електронско јавно наддавање во рок од 3 дена од одржувањето на електронското јавно наддавање до Комисијата, која одлучува по приговорот со Решение во рок од 5 дена од приемот на приговорот.

Против Решението на Комисијата може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Оваа објава ќе биде објавена на web страната на Општина Струмица.

Детални информации поврзани за објавата можат да се добијат кај членовите на Комисијата на тел.072 217 562 и тел.076 483 127.

Бр.02-7810/1
07.12.2021 год.
С т р у м и ц а

***Комисија за недвижни и***
***движни ствари на***
***Општина Струмица***